

# ПАТ НА ЖИВОТОТ

ГОДИНА 53

ЈУЛИ-
АВГУСТ
2023

СПИСАНИЕ НА
ЕВАНГЕЛСКО -
МЕТОДИСТИЧКА
ЦРКВА ВО
МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| БОГ Е СЕКОГАШ ДОБАР | 3 |
| БОЖЈИТЕ ДАРОВИ | 4 |
| ВЕРУВАЛ ИЛИ НЕ - ТИ ВЕРУВАШ | 6 |
| КАКО РЕАГИРАШ НА ЛОШИ ВЕСТИ? | 15 |
| ТАТКОВЦИ, ВАШЕТО ВЛИЈАНИЕ Е ПОГОЛЕМО ОДОШТО ЗНАЕТЕ | 16 |
| НОВОСТИ ОД ЗАЕДНИЦИТЕ | 20 |
| ПОВИКАНИ ОД ГОСПОД | 25 |
| ВЕНЧАВКИ ВО ЕМЦ СКОПЈЕ | 28 |
| ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА | 29 |

# БОГ Е СЕКОГАШ ДОБАР



***„Вкусете и ќе видите, колку е добар Господ! Блажен е оној човек, кој кај Него прибегнува!“ - Псалм 34:8***

Нема место во Божјото Слово каде што Тој ни кажува да ги минимизираме тагата, болката и скршеното срце низ кои поминуваме во овој свет. Наместо тоа, Бог нè повикува да погледнеме кон Него среде нашата болка, за да можеме да ги примиме Неговата благодат, мир и сила кои што ја надминуваат болката.

Нашиот Бог е толку милостив. Тој нема да се однесува со нас на нељубезен начин. Неговата добрина е таа што нè води до покајание (Римјаните 2:4)! Тој е верен и ветува дека ќе биде секогаш добар дури и тогаш кога животот не е, и нè води во љубов низ секоја ситуација и сезона.

Дали погрешно верувавте дека вашата болка и страдање не Му се важни на Бог? Како Неговата грижа и љубов кон вас ви даваат надеж денес?

***Кристин Кејн***

# БОЖЈИТЕ ДАРОВИ

Штотуку засадивме неколку зеленчуци кога во нашиот град имаше постојано студени и дождливи денови една цела недела. Од земјата само ѕиркаа нежни никулци од боранија. Но, поради студеното време, ништо не покажа знаци за понатамошен раст. За жал, некои лисја дури и се виткаа поради студениот период во средината на пролетта. Бев загрижена за мојата градина. Дали би преживеала без топлината на сонцето?

Како што гледав надвор едно утро, сонцето сјаеше и птиците пееја! Сигурно, денот изгледа поинаку, си помислив. Излегов да видам како се чувствува на отворено. Колку убав топол ден! Се чувствував добро. Кога ги погледнав растенијата во мојата градина, се чинеше дека и тие се чувствуваат добро.

Каква разлика направило сонцето!
Топлината на сонцето ме натера да ја сфатам мојата благодарност кон Бог, чија топлина ме прегрнува во сите временски услови и околности. Она што е поневеројатно е што Божјиот дожд и сонце имаат корист за сите луѓе, без разлика дали се праведни или неправедни. Се сетив и на верата на раселените Израелци, кои потврдија: „Заради Господовите добрини не сме уништени, Неговите милости никогаш не престануваат. Тие се нови секое утро: Твојата верност е голема!“ П.Еремиин 3:22-23
Да се заблагодариме за Божјата љубов која никогаш не пропаѓа.

Господи, со радост ги примаме Твоите дарови. Благодарни сме што Твоите благослови ни се секогаш обезбедени.

***Божјите дарови никогаш не престануваат.***

***Бог може<br>да изгледа<br>отсутен,<br>но раката на<br>Создателот<br>никогаш не<br>го напушта<br>својот народ***

# ВЕРУВАЛ ИЛИ НЕ - ТИ ВЕРУВАШ

Секојдневието на секое човечко суштество, без исклучок, покажува дека верата е неизбежна и видлива на секој чекор.

Еве неколку животни ситуации што секојдневно ги доживуваме, а кои покажуваат дека ние веруваме. Седнуваш на столот дома, на работа, на училиште, во црква и веруваш дека нема да се скрши, поточно, воопшто не очекуваш дека такво нешто ќе се случи. Купуваш храна, секако проверувајќи го рокот на траење и составот и ја јадеш, и воопшто не ти паѓа на памет дека би можел да се отровиш, зашто веруваш дека храната е во ред и нема да те затрови.

Влегуваш во возило и не го прашуваш шоферот дали има возачка дозвола, дали знае да вози, кога последен пат возилото било на технички преглед, дали возилото е во исправна состојба.

Влегуваш во возилото и веруваш дека ќе стигнеш таму каде што си тргнал. Земаш телефон, го вклучуваш и ѕвониш. Пред да го земеш, не се сомневаш дали ќе работи или не. Вклучуваш некаков апарат во домаќинството и веруваш дека работата ќе биде завршена. Испраќаш дете во градинка, на училиште и веруваш дека подоцна во денот повторно ќе бидете заедно без да се плашиш дека нешто може да се случи во меѓувреме.
И така натаму. Со примерите за дела кои го потврдуваат присуството на вера во секојдневието, би можеле да одиме до недоглед.

Замисли само каков би ти бил животот ако на секој чекор те измачуваат сомнежи и ја изгубиш способноста да веруваш?! Што ако се скрши столот кога ќе седнам, што ако храната што е пред мене е отровна, што ако шоферот на таксито што го повикав, воопшто не полагал возачки испит и има лажна возачка дозвола, или пак е пијан, или пак возилото е пред расипување, што ако телефонот се расипал пред да се јавам, што ако сега шпоретот, миксерот, машината, ... не проработи.

Кога се работи за некои поголеми зафати или поклучни настани од животот (патување со авион, брод или подолго и подалечно патување, полагање испит, испраќање некого во подалечно место, итн.), тогаш дури и оние кои тврдат дека не веруваат во ништо и никого, бараат помош, интервенција од некоја надмоќна “сила“, повторно верувајќи дека таа непозната “сила“ ќе им помогне доколку за тоа се јави потреба, и изговараат некакви фрази како на пример, „Со среќа! / Со Господ напред! / Скрши нога!“ и веруваат дека на тој начин ќе придонесат да се исполни замисленото и очекуваното.

Постојат луѓе кои се сомневаат во сѐ, се плашат да направат било што во животот од страв дека сѐ ќе тргне наопаку. Тоа медицината / психологијата / психијатријата го нарекуваат фобија и го сметаат за болест, за појава што не е нормална и го лекуваат. Тоа покажува дека човекот е создаден со потенцијал да верува. Верувал или не, сакаш да прифатиш или не, ти веруваш – и тоа на секој чекор од твојот живот имаш потреба да се потпреш на твојата вера и се потпираш. Верата е неизбежен дел од твојот живот.

Тоа е како кај паметните телефони што скоро сите ги користите. Има некои апликации за кои не знаете зошто ви се во телефонот, никогаш не ви притребале, не ја гледате корист од нив и сакате да ги избришете, па на тој начин да добиете повеќе слободен простор на телефонот што може да се искористи за нешто друго. И токму кога ќе стигнете до чекорот на бришење на апликацијата, телефонот ви испраќа порака дека не може да биде избришана, заштo е системска апликација, вградена е во системот на телефонот, производителот од свои причини ја вградил таму, и за да може телефонот нормално да функционира таа мора да биде таму.

Така е и со твојата вера, верувал ти, или не верувал. Верата е системска апликација што во тебе ја вградил твојот Создател и ти не можеш да постоиш без во себе да поседуваш вера.

## ШТО Е ВЕРА?

Библиската дефиниција за вера што ја наоѓаме во Евреите 11:1 гласи: „А верата е подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа.“ „Што е вера? Тоа е сигурност дека она на што се надеваме навистина и ќе се случи. Вера е увереност во нешто што не си го видел.“ (Динамичен превод)

Според оваа Библиска дефиниција за верата, верувал или не, ти веруваш. Создаден си да веруваш, да се потпираш на нешто за да живееш спокојно и безбедно. Но дали веруваш / дали се потпираш на вистинското нешто / вистинскиот некој? Дали ја имаш вистинската вера? И која е вистинската вера? Секоја светска религија тврди дека го има правилното верување. А и во рамките на христијанството, секоја деноминација тврди дека го исповеда вистинското верување. Сепак, вистинско верување може да се најде исклучиво во прирачникот за вера, а тоа е Библијата.

Во Марко 10:46-52 читаме за една случка што се случила непосредно пред последното и триумфално влегување на Исус во Ерусалим, каде со фаќањето и распнувањето заврши Неговата служба на земјата. Во овој настан опишан на крајот од 10-тата глава, читаме дека Исус патувајќи кон Ерусалим каде што требаше да биде фатен и распнат, влезе во Ерихон, помина низ него веројатно среќавајќи се со многу луѓе таму, разговарајќи со нив и помагајќи им во нивните проблеми.

На излегување од Ерихон, околу Него имаше многу гужва. Освен учениците кои го придружуваа, читаме дека имаше и многу народ. Во сета таа гужва се слушна еден очаен, но силен глас: „Исусе, сине Давидов, смилувај ми се!“ Тоа бил толку продорен вик што им го свртело вниманието на многумина од присутните. Таму долу, покрај патот, во прашината што се создавала од минувањето на мноштвото, седел еден слеп возрасен човек, кој бил дел од таа глетка на Ерихон секој ден во текот на многу години.

Барем за тие што живееле во Ерихон, тој не им бил непознат. Во евангелието по Марко, го дознаваме и неговото име, Вартимеј. Токму тој Вартимеј почнал очајно да вика по Исус и да го бара Неговото внимание. Понатаму читаме дека луѓето почнале и да го замолчуваат. Но, луѓето не можеле да го разубедат Вартимеј. Тој продолжил да вика но гласот кој сите сакале да го задушат, стигнал до Исус. Исус му обрнал внимание откако сите присутни успеале да го слушнат, и тоа што го направил потоа, било една голема лекција за сите присутни, а и за нас денес.

Тоа не било само уште едно Исусово дело на исцелување што требаше да предизвика восхит кај сите и да го подигне рејтингот на Исус како чудотворец, но требало на сите присутни таму, а и на нас денес да ни покаже која е вистинската вера.

Слепиот Вартимеј викаше, очајно и на цел глас: „Исусе, сине Давидов!“ Што искажа тој со таквото обраќање? Кога ангел беше испратен кај Јосиф за да му го објасни натприродното забременување на неговата тогаш само свршеница, Марија, тој му соопшти: „Јосифе, сине Давидов, не бој се да ја земеш Марија, својата жена, зашто зачнатото во неа е од Светиот Дух. Таа ќе роди Син и ти ќе Му го дадеш името Исус, зашто Тој ќе го спаси својот народ од нивните гревови.” Тоа име соодветно Му одговараше само на Бог Син, Исус – Спасител од гревовите. Значи Вартимеј викаше: „Спасителе!“ Тој го призна Оној што минуваше низ Ерихон, не за професор по теологија, не за сестран доктор со познавања на сите медицински гранки, не за добар философ, не за чудотворец, туку за Спасител од гревот.

Понатаму Вартимеј вели: „Сине Давидов!“ Што искажа Вартимеј со таа титула? Седумнаесет стихови во Новиот Завет го опишуваат Исус како „син Давидов“. Но, како може Исус да биде син на Давид кога Давид живеел околу 1000 години пред Исус? Одговорот е дека Христос (Месијата) беше исполнување на пророштвото искажано во 2 Самоил 7:12-16 за потомокот на Давид.

Исус е ветениот Месија, што значи дека тој требаше да биде од лозата на Давид. Во Матеј глава 1 го имаме родословот на Исус.

За нас звучи здодевно да читаме имиња од нечие семејно стебло, но за Евреите тоа е еден важен дел од животот на секој поединец. Проучувањето на семејните лози за нив воопшто не е занемарливо. Затоа и Матеј го пишува на почетокот на своето евангелие како доказ дека Исус по човечка линија е директен потомок на Авраам и Давид преку Јосиф, неговиот земски татко или старател. Родословот запишан во Лука глава 3, ја следи Исусовата лоза преку Неговата мајка.

Двата родослови јасно покажуваат дека Исус е потомок на Давид и по посвојување преку Јосиф (зашто тој нема никаков удел во зачнувањето на Исус), а и по крв преку Марија. „(Исус Христос, нашиот Господ) по тело роден од Давидовото семе“ (Динамичен превод): „Тој според Својата човечка природа беше потомок на царот Давид.“ (Римјаните 1:3)

Првенствено, титулата „Син Давидов“ е далеку повеќе од изјава за физичка генеологија. Таа е месијанска титула. Кога луѓето го нарекуваа Исус Син Давидов, тие со тоа кажуваа дека Тој е долгоочекуваниот Ослободител, исполнувањето на старозаветните пророштва. Оние луѓе, меѓу кои спаѓа и слепиот Вартимеј, кои Му се обратија на Исус со титулата „Сине Давидов“ и бараа милост и исцелување, всушност ја исповедаа нивната вера во Него. Со тоа што Го нарекоа „Сине Давидов“, тие ја изразија својата вера дека Тој е Месијата (ветениот Спасител).



Фарисеите точно разбраа што мислеа луѓето кога Го нарекуваа Исус „Син Давидов“. Но, за разлика од оние кои повикуваа со вера, Фарисеите беа толку заслепени од гордост што не можеа да го видат тоа што го виде слепиот просјак – Вартимеј – дека овде беше Месијата што го очекуваа цел живот и тоа со генерации наназад. Тие го мразеа Исус зашто не им ја даде честа што мислеа дека ја заслужуваат, па кога слушнаа дека луѓето Го поздравуваа Исус како Спасител, се разгневија (Матеј 21:15) и заговараа да го уништат (Лука 19:47).

Исус дополнително ги запрепасти книжниците и Фарисеите кога од нив побара да го објаснат значењето токму на таа титула: Како може Месијата да биде син на Давид кога самиот Давид за Него вели „мојот Господ“ (Марко 12:35-37) цитирано од (Псалм 110:1)? Учителите на Законот не можеа да го одговорат прашањето. Со тоа, Исус ја откри несоодветноста на еврејските водачи за учители и нивното незнаење за она што го поучуваше Стариот Завет во однос на вистинската природа на Месијата и со тоа уште повеќе ги оддалечи од Себе.
Целта со која Исус го постави прашањето во Марко 12:35, беше да покаже дека Месијата е повеќе отколку само физички син на Давид. Ако Тој е Господ на Давид, Тој мора да е и поголем од Давид. Како што Исус вели во Откровение 22:16 „Јас сум корен и род Давидов.“ Само отелотворениот Син Божји можеше тоа да го каже.

Вартимеј на цел глас викаше: „Исусе, сине Давидов“, и понатаму: „смилувај ми се!“. Ова е исказ на признавање! „Смилувај ми се“ би кажале во случај кога сме свесни дека сме виновни за нешто, но и подготвени да ја признаеме вината. Кога сме постапиле правилно, ќе се повикаме на правдата, но кога длабоко во себе осознаваме и признаваме дека сме згрешиле, тогаш бараме милост, и оној против кого сме згрешиле, да не постапи со нас така како што заслужуваме, но како што не заслужуваме.
Токму тоа го кажува Вартимеј со својата молба „Смилувај ми се“. Тој признава дека е грешен и моли за милост. Не бара виновник за неговата моментална состојба, сочувство или сожалување, не се оправдува. Напротив, Вартимеј признава дека е грешен, виновен пред Бог за секоја своја грешна мисла, лош збор, лоша постапка. Вартимеј, признавајќи го својот грев, покажува свесност дека треба да ја прими врз себе казната за гревот, а тоа е смртта. Библијата вели: „Зашто, платата, што ја дава гревот, е смрт.“ (Римјаните 6:23) Тој треба да умре поради своите гревови. Но, овој момент е поразличен од сите проживеани моменти пред тоа. Сега покрај него минува единствениот Спасител од гревот за сиот свет. Тој не Го виде со своите физички очи. Но, неговиот разум, срце, душа, дух – неговото цело битие Го препозна Спасителот и поверува во Него уште пред да биде завршена Исусовата спасителна мисија. Тој го замоли Исус – Спасителот, синот Давидов – ветениот и испратен од Бога Месија, да го земе врз себе товарот од неговиот грев и да му покаже милост.

Иако луѓето околу него се обидуваа да го замолкнат, Вартимеј не се предомисли и упорноста на крај даде позитивен резултат. Исус го слушна – не неговиот очаен повик за помош, но неговата одлука, признание и покајание. Исус тогаш застана и побара да го повикаат Вартимеј кај Него. Вартимеј повторно имаше можност да се откаже но наместо тоа, читаме дека Вартимеј ја фрли горната облека, стана и без размислување и колебање отиде кај Исус. Вартимеј ја фрли горната облека – ја тргна маската на кутриот слеп човек кој очекува сожалување и милостина. Пред Исус застана таков каков што е.

Вартимеј ја имаше вистинската вера. Божјото Слово вели: „Ако со устата исповедаш дека Исус е Господ и во срцето свое поверуваш дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш“. Вартимеј во срцето свое поверува дека Исус е единствениот Спасител од гревот, испратен од Бог, да умре и со Својата скапоцена крв да плати за гревовите на сиот свет, но и за неговите гревови. Тој со устата своја тоа го исповеда без срам и страв пред огромната толпа луѓе што беа таму собрани и не дозволи никој да го замолчи. Во Божјото Слово исто така читаме дека за оние кои ја имаат вистинската вера, има и две специјални ветувања: „Поверувај во Господ Исус Христос, и ќе се спасиш ти и целиот твој дом!“ Вартимеј поверува и Господ Исус му рече: „Верата твоја те спаси.“ Не ни е запишано што се случи понатаму во неговиот живот, но ако го доби првото ветување и Исус го прогласи за спасен, тогаш многу е веројатно да се спасило и неговото семејство и многумина на кои тој им посведочил за Божјата спасителна моќ.

***Дали ти ја имаш вистинската вера?***
Сите веруваме во нешто или во некого, но дали ја имаме вистинската вера? Во посланието на Јаков читаме: „Ти веруваш дека Бог е еден: добро правиш; но и злите духови веруваат, а трепераат.“ Ако веруваш дека има Бог, или дека постоел Исус, многу мудар учител, иако неразбран од своите современици, тоа значи да имаш помала вера дури и од ѓаволот и неговите демони. Јаков ни пишува дека и ѓаволот и неговите демони веруваат и добро го познаваат Бог во целост, а трепераат пред Него, но пак си тераат по свое и не се откажуваат од своите лоши дела. Таквата вера не е онаа вистинска вера.



Пред повеќе од 10 години, тогашната тинејџерска група од нашата црква во Струмица излезе на улиците во градот и направи анкета меѓу луѓето што ги сретна. Тинејџерите на своите соговорници им го поставуваа прашањето: „ Дали веруваш дека ќе дојде крај на светот?“ Добиле вакви одговори: „Не верувам дека ќе има такво нешто“, „Не верувам дека има рај и пекол“, „Дури и да се случи, Бог е милостив и нема да дозволи некој да оди во пеколот.“
Верата на тие луѓе е далеку од вистинската вера. Многу луѓе со кои разговараме и се обидуваме да им посведочиме, си ја сакаат сопствената црква, велат дека Го сакаат Бог и дека Му веруваат, веруваат дека Исус навистина бил посебен по мудроста, карактерот, дека вршел необјасниви чуда, но не веруваат дека воскреснал од мртвите и дека постои живот после смртта. И тоа не е вистинска вера.

Вистинската вера е онаа која ќе те натера да ја согледаш својата вистинска состојба – дека си грешен и ти нема спас. Вистинската вера е онаа која ќе те натера да прифатиш дека Исус е Давидовиот син, Месијата, ветениот и единствен Спасител испратен од Бог да умре за твоите гревови, но и да воскресне за да може да те спаси и да ти даде вечен живот со Него. Вистинската вера е онаа која ќе те натера да отидеш кај Тој Спасител, таков каков што си, и да побараш да те спаси. Вистинската вера е онаа која ќе те натера да живееш според Божјите стандарди, да бидеш послушен на Божјите заповеди, да ги имаш истите мисли што ги имаше и Исус, и сето тоа како резултат на подареното спасение. Вистинската вера е онаа поради која еден ден, во оној славен ден, ќе можеш да ги слушнеш зборовите упатени од Бог до тебе: „Убаво, добар и верен слуго! Во малку беше верен, над многу ќе те поставам; (Верата твоја те спаси. – Марко 10:52а) сподели ја радоста со својот господар!“ Матеј 25:23.

Тоа е вистинската вера. Ако ја имаш, за тебе важат и ветувањата: „ќе се спасиш ти и целиот твој дом.“ (Дела 16:31-б) „Верен е Оној, Кој ве повикува. Тој и ќе го направи тоа.“ (1Солуњаните 5:24)

***Верица Димова***



# КАКО РЕАГИРАШ НА ЛОШИ ВЕСТИ?

**НЕЕМИЈА 1:1-11**

Кога Неемија дозна за состојбата на Јудејците во Ерусалим, неговата првична реакција беше тага за катастрофалната ситуација во која се наоѓаат оние кои се нарекуваат со Божјото име. Како и секој од нас, Неемија се соочи со реалноста на разочарувањето. Но, Неемија знаеше дека тагувањето само по себе нема да промени ништо, и дека најдобрата реакција во такви услови е таа тага и разочараност да се донесат пред Бог и од Него да се бара решението. Правејќи го тоа, Неемија покажа дека нема да дозволи разочарувањето да го има последниот збор во неговиот живот, туку ќе чека на Бог и тоа што Тој сака да го направи следно.

Моето прашање до вас денес е: како реагирате на лоши вести? За Неемија лошата вест беше бедната состојба на Јудејците кои живееја во Ерусалим. За вас лошата вест може да биде некоја дијагноза, финансиска криза, зборови кои ве повредиле, и сл. Сите ние честопати ќе се соочиме со лоши и разочарувачки вести. Тоа не можеме да го избегнеме. Но, по Божја милост можеме да не им дозволиме на тие нешта да нè бутнат во очај. Дојдете кај Бог, кажете му како се чувствувате, но и побарајте ја Неговата милост и водство за состојбата која го мачи вашето срце. Неемија чекаше неколку месеци пред Бог да му даде решение. Можеби и вие ќе треба да чекате некое време за Бог да интервенира во конкретната ситуација за која Го молите, но со сигурност ви велам подобро е да се надевате и барате од Него, отколку да ѝ дозволите на тагата да ве поведе на патот кон очајот.

***Никола Гиневски***

# ТАТКОВЦИ - вашето влијание е поголемо одошто знаете

Малото девојче се стаписа додека одеше низ ходникот и малку ја наведна главата за да слушне повнимателно. Каков беше тој звук? Во тишината на ходникот во близина на семејната спална, повторно го слушна. Звучеше како тивок, тажен плач... душевен плач.

Знаејќи дека нејзиниот татко е единствениот друг човек во домот, таа тивко и полека тргна кон неговата соба, исполнета со загриженост и љубопитност. Како што се приближуваше, девојчето можеше да види дека вратата стои малку подотворена. Нежно ја турна само колку да ѕирне внатре.

Во воздухот проникна чувство на светост и во еден миг нејзиниот млад ум и дух беа толку длабоко погодени што таа ќе се сеќава на тој момент безброј пати во текот на нејзиниот живот.

Јас бев тоа мало девојче. И она што го доживеав тој ден пред околу 50 години засекогаш ќе го дефинира мојот татко и ќе ја води мојата вера.

Во утехата на неговата соба, го видов тато, кој беше педијатар, клекнат покрај креветот како плаче и се моли од длабочината на душата за еден од своите млади пациенти. Додека липањата и солзите слободно течеа од овој голем човек, за момент останав во стравопочит без здив додека почувствував дека мојата вера во Бог во моментот се издигна над моето разбирање.



Мојот „тато доктор“, по кое што име стана познат во неговите подоцнежни години, беше педијатар образован во Џонс Хопкинс. Тој беше олицетворение на брилијантен и љубезен лекар. Но, додека ѕирнав во собата на татко ми за да го откријам изворот на мистериозниот звук, стана јасно дека татко ми се потпира на прекрасната моќ и мудрост на Големиот Лекар за да го води.

На овој Ден на татковците, јас сум толку благодарна што ја доживеав огромната разлика која можат да ја направат во животот на своите деца, татковците кои се фокусирани на Христос, кои веруваат во Библијата и се исполнети со Светиот Дух.

Смирен по дух, но уверен во Божјиот Збор, тато не само што ја „практикуваше“ својата вера - туку и ја живееше. Учеше вредно, работеше неуморно и бескрајно се молеше. Тој беше тивок човек, но неговите постапки смело ја објавија надежта и милоста на Исус.

Тато ја сакаше и ѝ веруваше на мајка ми на начин што денес ретко го среќаваме во браковите. Неговите постапки кон неа беа пример за библиската заповед за која многумина дури и не знаат дека постои: „Вие, мажите, сакајте ги жените свои, како што Христос ја засака Црквата, и се предаде Себе за неа“ (Ефесјаните 5:25).

Тој беше почесен човек и џентлмен. Пристапуваше кон другите со најголема почит, ги бранеше неправедно третираните и молчеше кога беше лично навреден. Се сеќавам како ми рече: „Бекс, едноставно мислам дека не е во ред јавно да се доведува во прашање зборот или споменот на друг христијанин“.

За тато, искреноста не беше најдобрата политика, таа беше единствената политика. Се сеќавам дека едно лето возев покрај прекрасно поле за памук во Џорџија за време на семеен одмор. Бидејќи никогаш порано не сме виделе род со „памучен снег“, моите браќа, сестра ми и јас почнавме да ги молиме мама и тато да застанат за да си избереме неколку. Тато ми објасни дека не би било во ред да земеме ниту едно од она што не ни припаѓа нам.

Потоа продолживме да возиме неколку милји настрана од нашиот пат во потрага по куќата на фармерот за да побараме дозвола. Фармерот љубезно ни даде памук, но вистинскиот подарок тој ден дојде од нашиот татко. Свесен за сопствените недостатоци и несовршености, тато приватно се повикуваше на милоста и мудроста Божја секој ден. Додека тој работеше, одеше или читаше, честопати ќе ги видевме неговите усни како се движат во молитва.

Д-р Хенри Џеј Ред Џуниор го живееше животот кон кој сите треба да се стремиме. Тој не беше само добар човек; тој беше извонреден. Тоа што бев негова ќерка го вбројувам меѓу најголемите благослови. И иако ме воспита добро, најголемото влијание што го имаше врз мене беше тоа утро кога мислеше дека никој не го гледа.

Татковци, вашето влијание врз своите деца е многу поголемо отколку што можеби некогаш сте знаеле. Сигурна сум дека има денови кога се прашувате дали вределе вашите солзи, молитви и жртви. Но, бидете охрабрени... вашите деца „ѕиркаат зад аголот“, внимателно слушаат и се сеќаваат на вашите постапки. Вашиот верен пример ќе направи вечна разлика во нивните животи.

***Ребека Хаѓелин***

***Христијаните треба да се прозорци преку кои зрачи Божјата љубов.***



# НОВОСТИ
## ОД ЗАЕДНИЦИТЕ

# ДЕТСКИ КАМП 2023

„Мислам дека сум сведок на нешто слично на формирање семејство“. Таа мисла ме опфати кога децата и персоналот од нашиот детски камп избувнаа во спонтана песна сред една од сесиите за рачни работи. Повторната средба со толку многу деца кои присуствуваа на кампот минатата година и кога видов како спонтано пеат заедно, иако доаѓаат од неколку различни цркви, ме натера да се чувствувам како да присуствувам на семеен собир наместо на летен камп!

Од 21-ви до 24-ти јуни, триесет и седум деца и дванаесет возрасни се собраа во Гевгелија, Северна Македонија на нашиот втор годишен детски камп. Темата беше „Божјите деца никогаш не се сами“ и ја истражувавме приказната за Седрах, Мисах и Авденаго и огнената печка. Децата беа поканети да ја искусат пустината на Вавилон и беа поделени во шест групи, секоја со свое животно или предмет од пустината. Имавме прекрасно време во заедништво, учејќи за Божјата грижа за Неговите деца и ангажирајќи се во сите видови возбудливи активности на кампот.

Секое утро го започнувавме надвор со неколку вежби, а потоа и со кратка утринска порака. По појадокот, ги имавме нашите големи групни сесии каде што пеевме песни, ја слушавме дневната лекција, ги вежбавме библиските стихови и се молевме заедно. Потоа имавме активности во малите групи за да истражиме различни аспекти од приказната на Седрах, Мисах и Авденего.

Имавме и рачни работи, игри на отворено и затворено како и слободно време за пливање и спортување. На последната вечер, запаливме логорски оган и ја продолживме нашата традиција на печење маршмелоус.

Првата вечер ги прашав децата дали некогаш слушнале за царот Навуходоносор. Им објаснив дека тој бил многу моќен, освоил многу народи, вклучувајќи ја и Јудеа, од каде што биле Седрах, Мисах и Авденаго, и од многу луѓе направил свои робови. Следното утро, истраживме какво е чувството да нè одведат од нашата родна земја, да ни дадат ново име и да нè принудат да научиме нов јазик и култура. Научивме дека иако Бог не ги спречи Седрах, Мисах и Авденаго да бидат заробени, Тој беше со нив и ги благослови со вештини што можеа да ги користат во нивната нова средина.

Вториот ден, ги истражувавме Десетте заповеди и зошто Седрах, Мисах и Авденаго сметаа дека не можат да ја послушаат наредбата на царот - да му се поклонат на идолот што го направил. Зборувавме за храброста и што значи да се биде Божјо дете. На последниот ден откривме дека иако Бог не ги спречи Седрах, Мисах и Авденаго од тоа да мораат да ја издржат огнената печка, сепак не ги остави да го направат тоа сами. Божјиот ангел беше со нив и Тој ги заштити.

Одејќи на овој камп, нашата главна мотивација беше да направиме настан каде што децата ќе знаат дека се сакани и згрижени и каде што ќе можат да ги слушнат вистините од Божјиот Збор. Сепак, учам дека овие кампови се и повеќе од тоа. Тие се важен дел во градењето на пошироко духовно семејство за овие деца и за нас волонтерите – безбедно место каде што припаѓаме и можеме да се поддржуваме едни со други во нашата вера. Се молам да имате безбедно место каде што припаѓате и да бидете охрабрени во вашата вера. Исто така, се молам, дури и ако Бог не спречил да се случи тешка ситуација во вашиот живот, да знаете дека не сте сами.

Џенифер Мур









ДЕТСКИ КАМП 2023









# ДЕТСКА НЕДЕЛА ВО ЕМЦ РАКЛИШ








Од 17-ти до 21-ви јули одржавме детска недела со програма, како детски камп без спиеење во црквата во с. Раклиш. Темата на кампот беше "Одејки по вера".

Децата од Раклиш беа поканети, но за жал на кампот учествуваа само две девојчиња и тоа само првиот ден.
На кампот учествуваа деца помеѓу 6 и 15 години, вкупно 21 дете - меѓу 13 и 18 деца секој ден.

Децата беа од Раклиш, Радовиш, Струмица и село Дамјан.
Му благодариме на Бог за привилегијата да можеме да им служиме на децата и тинејџерите!

Ирена Стефанова

# ПОВИКАНИ ОД ГОСПОД

## МУРТИНО

Васил Азманов - 17.9.2022 (88 години)
Пављо Дончев - 11.5.2023 (49 години)
Ѓорги Танчев - 21.7.2023  (83 години)

## МОНОСПИТОВО

Александар Чорев - 13.8.2023 (41 година)

## КОЛЕШИНО

Анета Василева - 29.8.2022 (91 година)
Анета Митрова - 17.10.2022 (79 години)
Ванчо Манчев - 07.6.2023 (68 години)
Панде Вучков - 18.6.2023 (73 години)

## СТРУМИЦА

Живко Коцевски - 05.9.2022 (67 години)
Атанас Малинов - 22.11.2022 (75 години)
Владо Ристоманов - 29.12.2022
Живко Чорев - 21.5.2023 (66 години)
Јосе Конев - 07.7.2023 (38 години)
Мара Дрвошанова - 22.7.2023 (83 години)

## РАКЛИШ

Борка Дончева - 21.3.2023 (78 години)
Зора Вучкова - 19.5.2023 (87 години)

## *Сеќавање на пастор Зора Вучкова*

На ова место би сакале да се потсетиме на еден слуга Божји, кој неуморно работеше на делото Божјо повеќе од половина век - Пастор Зора Вучкова (12.02.1936-19.05.2023). По потекло од с. Муртино (струмичко), служеше во својот живот во Муртино, Моноспитово, Скопје, Радовиш и Раклиш, како заедници во кои помина повеќе време. Инаку беше на располагање на црквата насекаде каде што беше потребно.

Им пркосеше на разните заплашувања и закани по живот во времето на комунистичкиот систем на владеење. Иако тогаш сѐ уште млада, сепак со разгорено срце за служење на Бог и на луѓето, носеше во себе цврста одлука, да не се откажува по никоја цена од проповедањето на Евангелието. Зашто знаеше во кого верува и дека Тој ќе биде со неа во „време и невреме“ (2 Тим. 3:2). Така, полека но сигурно чекореше напред во извршувањето на пастирската служба и духовното згрижување на оние кои копнеат по ослободување од гревот, охрабрувајќи ги да Го следат Христос.

Иако немаше свои сопствени (телесни) деца, сепак Бог ѝ даде многу повеќе од тоа, духовни чеда со кои ќе се радува во Божјото царство и заедно со нив и со сите други верни Божји слуги ќе Го прославува својот Господ и Спасител Исус Христос.

Уште на млади години на еден посебен начин го доживеала Божјиот повик, да тргне и да Го следи, работејќи на Неговото дело во придобивањето на други души за Царството Божјо.

Мнозина со радост и восхит го слушаа Божјото слово од нејзината уста. Светиот Дух на еден посебен начин работеше преку неа, укажувајќи им на останатите, дека секој, кој се предава на Неговото водство, Тој на свој начин ќе го употреби за благослов на другите и за прослава на Неговото име.

Таа беше личност со широко срце. Секогаш оставаше простор Бог да дејствува и беше отворена за нови начини и нови патишта, по кои можеби Господ Исус сака да ја води. Исто така беше и човек на молитва. Како „помалите“ така и „поголемите“ нешта кои го исполнуваа нејзиниот живот ги изнесуваше во молитва пред Бог, за Тој да има контрола над сѐ.

Кратко пред нејзиното заминување ми сподели едно нејзино искуство поврзано со молитвата. Последните месеци таа се движеше многу тешко и не беше стабилна во одењето, затоа најчесто некој ѝ помагаше, кога имаше потреба да стане од креветот и да се придвижи од едно место до друго. Ми го раскажа следново: „Бев сама овде во собата (во дневната) и имав потреба да отидам до тоалетот. Бев загрижена да не паднам и да скршам некоја коска. Затоа, пред да станам од креветот се молев: Татко, ти цело време беше со мене, и Ти ми вети дека нема да ме оставиш никогаш. Те молам и сега, помогни ми да станам, да отидам до таму и да се вратам назад безбедно. Станав, полека потпирајќи се, прво на столот, а потоа на вратата, и така покрај ѕидот, отидов и потоа повторно се вратив, без никаков проблем. Бог ми помогна!“ И преку тоа искуство се обистинуваат зборовите од Божјото слово: „Сите ваши загрижености префрлете ги врз Него, зашто, Тој се грижи за вас“ (1 Петр. 5:7).

Нека овој краток напис послужи за потсетување на многуте искуства и благослови преку нејзиното дејствување, и да гледаме со благодарност кон Бог за времето кое ни го овозможи да го поминеме заедно со неа.
Мојата молитва е, Бог да прати во нашата црква и други такви луѓе, кои ќе бидат спремни да го заложат животот свој за Евангелието и преку нив да дозволат Божјите благослови да течат и до другите луѓе.

Со благодарност,
Суперинтендент Марјан Димов

## ВЕНЧАВКИ ВО ЕМЦ СКОПЈЕ 2023

**04.6.2023**
**Ѓорѓе & Емилија Зариќ**





**16.6.2023**
**Нена & Никола Гиневски**

# ПОТРЕБИ ЗА МОЛИТВА

*Молитвата не треба да ни биде последно средство туку прв ресурс*



- Благодарни срца
- Заедништво помеѓу заедниците
- Црковното раководство
- Социјалната работа која се извршува преку Дијаконијата
- Духовно пробудување
- Учеништвото во црквата

# РЕСУРСИ

**Христијанска песнарка**




**Библија**




**Библија**




**Библија за деца**




*** сите апликации може да се инсталираат со скенирање на кодот**

# ИНФОРМАЦИИ

## Сметка на ЕМЦ

Добредојдени се вашите доброволни прилози за работата со литература на ЕМЦ во Македонија, на која било од следниве сметки, со цел на дознака: ЗА ЛИТЕРАТУРА

**НЛБ Банка**

210-0471551901-34

**Шпаркасе Банка**

250-0080004168-42

## Веб-страница

На www.emc.mk можете да ги следите тековните новости од активностите во сите заедници на Евангелско-методистичката црква во Македонија.

*Фотографиите кои се користени во списанието се преземени од страната: www.unsplash.com


ПСАЛМ 92:12
Праведниот
цути
како палма



Списанието е достапно онлајн на веб-страницата
Годишна претплата: 400 ден. (излегува 6 пати годишно)

Издава: ЕМЦ во Македонија
Уредник: Невенка Гиневска
Дебарца 9, 1000 Скопје
+389 75 200 012 / literatura@emc.mk

www.emc.mk